# СРЕЌНИОТ ПРИНЦ

Високо над градот, врз еден строен столб, се издигаше статуата на Среќниот Принц. Тој беше целиот прекриен со тенки листови најчисто злато, очите му беа два блескави сафири, а на рачката од неговиот меч се сјаеше крупен црвен рубин.

Сите му се восхитуваа. „Убав е како ветроказ", забележа еден од градските советници, кој сакаше да го сметаат за познавач на уметноста, „само што не е толку корисен", додаде, зашто се плашеше луѓето да не си помислат дека не е практичен, што всушност и беше точно.

„Зошто не си како Среќниот Принц?" го праша една разумна мајка своето дете, кое со плачење бараше да му ја симне месечината. „Тој никогаш и не помислува да плаче по нешто."

„Ме радува што постои барем некој на овој свет што е сосема среќен", шепна еден разочаран човек додека гледаше во прекрасната статуа.

„Личи на ангел", рекоа децата од милосрдното училиште додека излегуваа од катедралата облечени во блескави, црвени наметки, со чисти, бели престилки.

„Од каде ви е таа идеја?" праша нивниот наставник по математика. „Па вие никогаш не сте виделе ангел."

„А, сме виделе, во соништата", одговорија децата. Наставникот по математика се намурти и изгледаше многу строг, зашто мислеше дека не е добро децата да сонуваат.

Една ноќ над градот се појави ластовичка. Нејзините пријатели одлетаа накај Египет шест недели порано, но таа не тргна со нив, зашто беше вљубена во една прекрасна трска. Се сретна со неа рано пролетта додека леташе над реката, бркајќи една голема жолта пе-

перуга и витата става на трската толку ја привлече што застана да поразговара со неа.

„Може ли да те љубам?“ праша ластовичката, која секогаш беше многу директна, а трската длабоко се поклони пред неа. Ластовичката почна да лета околу-наоколу, допирајќи ја водата со крилцата и правејќи ситни бранчиња. Таков ѝ беше начинот на додворување и траеше цело лето.

„Бесмислена љубов“, црцореа другите ластовички, „трската нема пари, а има многу роднини.“ Тоа беше вистина, бидејќи реката беше преполна со трски. Потоа пристигна есента и тие одлетаа.

Откако јатото си замина, ластовичката почувствува колку е осамена и колку е веќе презаситена од својата љубена. „Никогаш не зборува“, почна да се жали, „а мислам дека е и кокета, зашто постојано флертува со ветерот.“ Навистина, секогаш кога ветерот ќе дувнеше, трската грациозно му се поклонуваше. „Сфаќам дека си го сака домот“, продолжуваше ластовичката со поплаките, „но јас сакам да патувам, а тоа значи дека мојата љубена треба да патува со мене.“

„Ќе дојдеш ли со мене?“ најпосле ја праша, но трската затресе со главата зашто беше многу приврзана за својот дом. „Си го губев времето со тебе!“ извика ластовичката. „Тргнувам накај пирамидите. Збогум!“ И одлета.

Леташе цел ден, а вечерта стигна во градот. „Каде да преноќам?“ се прашуваше. „Се надевам дека градот се подготвил за моето доаѓање.“

Тогаш ја здогледа статуата што стоеше на високиот столб.

„Тука ќе преспијам“, извика. „Прекрасна местоположба, со многу чист воздух.“ И слета точно меѓу стапалата на Среќниот Принц.

„Си имам спална соба од злато“, си шепотеше додека разгледуваше наоколу, а потоа си се намести за спиење. Но, само што го сви вратот за да ја пикне главата под крилцето, една голема капка вода падна врз неа. „Чудна работа!“ извика. „Ниту еден облак на небото, ѕвездите се блескави и јасни, а сепак врне. Климата во северна Европа е навистина грозна. Трската го сакаше дождот, но тоа само ја покажуваше нејзината себичност.“

Во тој миг капна уште една капка.

„Каква корист од статуата ако не може да ме заштити од дождот?“ си рече. „Одам да побарам некој добар оџак со капак“, и реши да летне.

Но пред да ги рашири своите крилца, падна трета капка и таа го крена погледот нагоре и виде – Ах! Што ли виде?

Очите на Срекниот Принц беа полни солзи, а солзи се тркалаа и по неговите златни образи. Лицето му беше толку убаво на месечевата светлина што срцето на ластовичката се исполни со тага.

„Кој сте вие?“ праша.

„Јас сум Срекниот Принц.“

„Тогаш зошто плачете?“ го праша ластовичката. „Цела ме изводенивте.“

„Кога бев жив и кога имав човечко срце“, одговори статуата, „не знаев што се солзи, зашто живеев во Безгрижната Палата, каде што на тагата не ѝ беше дозволено да влезе. По цел ден играв со моите придружници во градината, а навечер го водев танцот во големата сала. Градината беше заградена со многу висок ѕид, а јас никогаш не се потрудив да прашам што има зад него, зашто сѐ околу мене беше толку убаво. Дворјаните ме викаа Срекниот Принц и навистина бев срекен, ако задоволствата може да се наречат среќа. Така живеев, така и умрев. А сега откако умрев, ме поставија толку високо што можам да ја видам сета грдотија и сета несреќа во мојот град, па иако срцето ми е од олово, не можам да престанам да плачам.“

„Што, зар не е целиот направен од чисто злато?“ се зачуди ластовичката, но беше премногу учтива за гласно да ги изнесе своите лични забелешки.

„Таму во далечината“, продолжи статуата со мелодичен глас, „таму во далечината, во еден сокак, се наоѓа сиромашна куќарка. Еден од прозорците е отворен и низ него се гледа жена седната на маса. Лицето ѝ е слабо и уморно. Има груби, црвени раце, целите избоцкани од игла зашто е шивачка. Сега везе цвет од пасифлора на сатенскиот фустан од најубавата дворска дама, што таа треба да го носи на следниот бал во дворецот. На креветот, во аголот од собата, лежи болен нејзиниот мал син. Гори во треска и бара портокали. Мајка му нема што да му даде освен речна вода и затоа плаче. Ластовичке, мила ластовичке, те молам однеси ѝ го рубинот од рачката на мојот меч. Стапалата ми се заковани за столбов и не можам да се движам.“

„Ме чекаат во Египет“, рече ластовичката. „Моите пријатели летаат горе-долу по течението на реката Нил и си разговараат со крупните лотоси. Наскоро ќе се приберат на спиење во гробницата на големиот крал. Тој лично е таму, во својот шарен сандак. Завиткан е во жолто

платно и балсамиран со разни мирисливи балсами. Околу вратот има ѓердан од бледозелен жад, а рацете му се како свенати лисје.“

„Ластовичке, мила ластовичке“, ја молеше принцот. „Те молам остани со мене само една ноќ биди ми пратеник. Детето е жедно, а мајка му е толку тажна.“

„Не сум сигурна дали сакам деца“, одговори ластовичката. „Минатото лето, кога живеев крај реката, синовите на воденичарот беа многу лоши и постојано фрлаа камења по мене. Се разбира, никогаш не ме погодија. Ние ластовичките летаме премногу брзо за да нè погодат, а освен тоа потекнувам од семејство познато по брзина; сепак, тоа беше знак на непочитување.“

Но Среќниот Принц беше толку тажен што малата ластовица се сожали. „Овде е многу студено“, рече, „но ќе останам со вас една вечер и ќе ви бидам пратеник.“

„Ти благодарам, ластовичке“, рече Среќниот Принц.

Потоа ластовичката го извади крупниот рубин од мечот на принцот и држејќи го во клунот полета преку градските покриви.

Ја помина камбанаријата на катедралата украсена со ангели од бел мермер. Помина покрај палатата и слушна музика за танц. Една убава девојка излезе на балконот со својот љубен. „Колку се прекрасни ѕвездите“, рече тој, „и колку е прекрасна силата на љубовта!“

„Се надевам дека фустанот ќе ми биде готов за државниот бал“, одговори таа. „Нарачав да ми навезат цветови од пасифлора, ама шивачките се многу мрзливи.“

Ластовичката ја прелета реката и ги виде фенерите закачени на јарболите од бродовите. Прелета над гетото каде што двајца стари Евреи се пазареа и мереа пари на бакарна вага. Најпосле стигна до сиромашната куќарка и ѕирна внатре. Момчето се превртуваше на креветот горејќи во силна треска, а мајка му беше задремала од умор. Ластовичката слета внатре и го положи крупниот рубин на масата крај нејзиниот напрсток. Потоа почна нежно да лета околу креветот и со крилцата да му го лади челото на детето. „Се чувствувам многу посвежо!“ си рече детето. „Сигурно ми станува подобро“, и потона во сладок сон.

Потоа ластовичката се врати кај Среќниот Принц и му раскажа за сè што направи. „Чудно“, забележа, „но сега ми е топло, иако времето е толку студено.“

„Затоа што направи добро дело“, рече Принцот. Ластовичката почна да размислува за неговите зборови, а потоа заспа. Размислувањето секогаш ја успиваше.

Кога зазори, одлета до реката и се искапи. „Каков несекојдневен феномен!“ рече професорот по орнитологија додека преминуваше преку мостот. „Ластовица во зима!“ И во локалниот весник објави долго писмо за тој настан. Сите го цитираа тоа писмо, зашто беше полно зборови што не ги разбираа.

„Вечерва тргам за Египет“, си рече ластовичката и беше многу среќна поради тоа. Ги посети сите јавни споменици во градот и долго време седеше на врвот од камбанаријата. Каде и да се појавеше, врапчињата цивкаа и велеа: „Каков необичен странец!“ па ластовичката уживаше во нивното внимание.

Кога изгреа месечината, таа се врати кај Среќниот Принц. „Имате ли нешто да нарачате од Египет?“ извика. „Вечерва заминувам.“

„Ластовичке, мила ластовичке“, рече Принцот, „зар нема да останеш со мене само уште една ноќ?“

„Ме чекаат во Египет“, одговори ластовичката. „Утре моите пријатели ќе стигнат до вториот водопад. Таму, меѓу папирусите се крие нилскиот коњ, а на голем гранитен престол седи богот Мемнон. Цела ноќ ги гледа ѕвездите, а кога ќе засветли утринската ѕвезда, радосно извикнува и потоа пак замолчува. Напладне жолтите лавови доаѓаат на брегот за да си ја угасат жедта. Очите им се како зелени кристали, а рикот им е погласен од бучењето на водопадите.“

„Ластовичке, мила ластовичке“, рече Принцот, „таму далеку во градот, во една таванска соба гледам млад човек. Наведнат е над масата покриена со хартии, а во чашата пред него има букетче свенати темјанушки. Косата му е кафеава и кадрава, усните му се црвени како калинки, а очите крупни и замислени. Се обидува да ја заврши драмата што му ја нарачал директорот на театарот, но премногу му студи за да продолжи со пишувањето. Нема оган во огништето, а во главата му се врти од глад.“

„Ќе останам уште една ноќ“, рече ластовичкта, која навистина имаше добро срце. „Да му однесам некој рубин?“

„За жал, немам веќе рубини“, рече Принцот, „ми останаа само очите. Направени се од ретко убави сафири, донесени од Индија пред илјада години. Ископај со клунот еден од нив и однеси му

го на студентот. Ќе му го продаде на златарот, ќе купи дрва и ќе ја заврши драмата.“

„Мил Принцу“, рече ластовичката, „тоа не можам да го направам“, и почна да плаче.

„Ластовичке, мила ластовичке“, рече Принцот, „направи како што ти заповедам.“

Тогаш ластовицата го ископа неговото око и одлета накај таванската соба на студентот. Беше лесно да се влезе внатре, зашто имаше дупка на покривот. Ластовицата мина како стрела низ неа и влезе во собата. Младиот човек седеше со главата закопана в раце и не го слушна шумот на нејзините крилца. Кога го крена погледот, го виде прекрасниот сафир положен врз свенатите темјанушки.

„Почнуваат да ме ценат“, извика тој, „ова мора да е од некој голем обожавател. Сега можам да ја завршам драмата“, и беше многу среќен.

Следниот ден ластовичката одлета до пристаништето. Застана на јарболот од еден голем брод и гледаше како морнарите извлекуваат големи сандаци од внатрешноста на бродот со помош на јажиња. „Вле-чиии!“ извикуваа додека ги тегнеа јажињата. „Заминувам за Африка!“ им довикна ластовичката, но никому не му беше гајле за тоа, па кога изгреа месечината, таа се врати кај Среќниот Принц.

„Дојдов да се збогуваме“, рече.

„Ластовичке, мила ластовичке“, рече Принцот, „остани со мене уште една ноќ.“

„Зима е“, одговори таа, „и наскоро ќе падне студен снег. Во Египет сонцето е топло на зелените палми, а крокодилите лежат во калта и гледаат мрзливо наоколу. Моите пријатели веќе вијат гнезда во храмот на Баалбек, а розовите и белите гулаби ги гледаат и си гукаат еден со друг. Мил Принцу, морам да ве напуштам, но никогаш нема да ве заборавам и следната пролет ќе ви донесам два убави скапоцени камења како замена за оние што ги дадовте. Рубинот ќе биде поцрвен од црвена роза, а сафирот ќе биде син како големото море.“

„Долу на плоштадот“, рече Среќниот Принц, „едно мало девојче продава кибрити. Кутиите ѝ паднаа во јазот и се изводенија. Татко ѝ ќе ја натепа ако не му донесе пари и затоа плаче. Нема ни чевли, ни чорапи, а и главчето ѝ е голо. Ископај ми го другото око и дај ѝ го, па татко ѝ нема да ја тепа.“

„Ќе останам со вас уште една ноќ“, рече ластовичката, „но не можам да ви го ископам окото, зашто тогаш ќе бидете сосема слеп.“

„Ластовичке, мила ластовичке“, рече Принцот, „направи како што ти заповедам.“

Тогаш ластовицата му го извади и другото око на Принцот и летна надолу со него. Се спушти до девојчето со кибритчињата и ѝ го спушти скапоцениот камен во дланката. „Колку убаво парченце стакло!“ извика девојченцето и отрча дома насмеано.

Потоа ластовичката се врати кај Принцот. „Сега сте слеп“, му рече, „па ќе останам со вас засекогаш.“

„Не, мила ластовичке“, рече кутриот Принц, „мораш да одлеташ за Египет.“

„Засекогаш ќе останам со вас“, одговори ластовичката и легна крај неговите нозе.

Утредента цел ден седеше на неговото рамо и му раскажуваше приказни за разните нешта што ги имаше видено во туѓите земји. Му раскажуваше за црвените ибиси што стојат во редици на бреговите на Нил и фаќаат рипчиња со клуновите; му раскажуваше за Сфингата, која е стара колку и самиот свет, која живее во пустината и знае сѐ; за трговците што бавно чекорат покрај своите камили и во рацете држат килибарни бројници; за Кралот на планините и на месечината што е црн како абонос и го обожава големиот кристал; за големата зелена змија, што спие на палмата и која дваесет свештеници ја хранат со медени колачиња; за пигмеите што пловат по големото езеро на огромни рамни листови и војуваат со пеперугите.

„Мила ластовичке“, рече Принцот, „ми раскажуваш чудесни нешта, но најчудесно од сѐ е страдањето на човекот. Нема поголема мистерија од страдањето. Летни над мојот град, мила ластовичке и кажи ми што гледаш таму.“

И ластовицата полета над градот и ги виде богатите како се веселат во своите куќи, а просјаците седат пред градските порти. Летна над мрачните улички и ги виде бледите лица на прегладнетите деца како безживотно гледаат на валканите улици. Под сводот на мостот лежеа гушнати две дечиња за да се стоплат малку. „Колку сме гладни!“ си зборуваа. „Не смеете да лежите таму!“ им викна чуварот и ги избрка на дождот.

Потоа ластовичката одлета назад кај Принцот и му раскажа што виде.

„Јас сум покриен со чисто злато“, рече тој, „ќе мораш да го извадиш, лист по лист и да им го дадеш на сиромашните луѓе; живите секогаш мислат дека златото може да ги усреќи.“

Ластовичката вадеше лист по лист од чистото злато, сè додека Принцот не стана темен и грд. Лист по лист чисто злато им носеше на сиромашните, па така, им се заруменија образите на дечињата и тие почнаа да си играат по улиците. „Сега имаме леб!“ се радуваа.

Потоа стигна снегот, а по него и мразот. Улиците беа толку бели и блескави што изгледаа како да се направени од сребро; долги мранѕулци као кристални мечови висеа од стреите на куќите, луѓето се облекоа во крзно, а момчињата носеа црвени капи и се лизгаа на мразот.

На кутрата ластовичка ѝ станувашe сè постудено и постудено, но не сакаше да го остави принцот зашто премногу го љубеше. Собираше трошки леб пред вратата на пекарницата кога пекарот не гледаше и се обидуваше да се стопли мавтајќи со крилцата.

Но, на крајот ѝ стана јасно дека ќе умре. Имаше доволно сила само уште еднаш да одлета до рамото на Принцот. „Збогум, мил Принцу!“ прошепоте, „ќе ми дозволите ли да ви ја бакнам раката?“

„Се радувам што најпосле ќе заминеш за Египет, мила ластовичке“, рече Принцот, „остана предолго овде, но мора да ми ги бакнеш усните, зашто јас те љубам.“

„Не одам во Египет“, одговори ластовичката, „туку во куќата на мртвите. Смртта е брат на сонот, нели?“

Таа ги бакна усните на Принцот и падна мртва пред неговите стапала.

Во истиот миг, од внатрешноста на статуата се чу необично пукање, чиниш нешто се скрши. Всушност, оловното срце на Принцот се распука на две. Мразот беше навистина ужасен.

Рано следното утро, градоначалникот излезе на прошетка долу на плоштадот во придружба на градските советници. Кога поминуваа крај столбот, тој погледна нагоре кон статуата. „Боже! Колку грозно изгледа Срећниот Принц!“ извика.

„Навистина грозно!“ извикаа градските советници, кои секогаш се согласуваа со градоначалникот, па сите заедно се качија на споменикот.

„Рубинот му испаднал од мечот, очите му исчезнале и веќе не е златен“, рече градоначалникот. „Всушност, повеќе личи на некој просјак!“

„Повеќе личи на просјак“, се согласија градските советници.

„А крај нозете му лежи мртва птица!“ продолжи градоначалникот. „Мора да донесеме закон со кој на птиците ќе им биде забрането да умираат овде.“ Градскиот записничар го запиша предлогот.

И така, ја симнаа статуата на Среќниот Принц. „Не е веќе убав, а тоа значи дека не е веќе корисен“, рече универзитетскиот професор по уметност.

Потоа ја стопија статуата во големата печка, а градоначалникот одржа состанок на корпорацијата за да решат што да се прави со металот. „Треба да направиме нова статуа, се разбира“, рече градоначалникот, „а тоа ќе биде мојата.“

„Мојата“, повтори секој од градските советници и тогаш се скараа. Кога последен пат слушнав за нив, сѐ уште се расправаа.

„Колку чудно!“ рече надзорникот на работниците во топилницата. „Ова скршено оловно срце не може да се стопи во печката. Ќе мора да го фрлиме.“ И го фрлија на купот земја каде што лежеше мртвата ластовичка.

„Донесете ми ги двете најскапоцени работи во градот“, му рече Бог на еден од своите ангели и ангелот му ги донесе оловното срце и мртвата птица.

„Праведно избрано“, рече Бог, „зашто оваа птица ќе пее вечно во мојата рајска градина, а Среќниот Принц вечно ќе ме слави во мојот златен град.“